ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА КАЈ ОПШТИНА ГОСТИВАР
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2019 07 01/3

**Скопје, октомври 2019**

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
| --- | --- |


| | |
| --- | --- |
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| Финансиски извештаи | |
| Сметка на приходи на буџет на дотации - 930 | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 |
| - Сметководствени политики | 9 - 11 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 11 - 13 |

Кратенки користени во извештајот:

ГДР – Главен државен ревизор
ISSAI – Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗФЕЛС – Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа
ИТ – Информатичка технологија
РСМ – Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-111/11

Дата: 03.10.2019

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гостивар за 2018 година.

Изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гостивар за 2018 година.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Гостивар, сметка на приходи на буџет на дотации (930), во кој е изразено мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансферите од централната власт по основ на наменски и блок дотации од областа пожарникарството, образованието и детската заштита.

Средствата се користат за основни плати и надоместоци, придонеси за социјално осигурување од работодавачите, надоместоци, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, материјали и ситен инвентар, договорни услуги и други тековни работи.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата го обелодени прашањето за одземањето на надлежностите за именување и разрешување на директори во општинските училишта на градоначалникот на Општина Гостивар.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гостивар на сметката на приходи на буџет на дотации – 930, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Општина Гостивар за 2010 година. За виситинитиста и објективноста на финансиските извештаи и резултатот од финансиските активности за 2010 година, изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на општината Гостивар застапувано од:

- д-р Арбен Таравари од 02.11.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.03.2019 до 31.05.2019 година кај Општина Гостивар од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 15.07.2019 година.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од одговорното лице градоначалникот на Општина Гостивар.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Гостивар на ден 31 декември 2018 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Ревизијата сметаше за потребно да го обелодени проблемот со одземање на надлежностите од страна на Министерството за образование и наука (МОН) на Градоначалникот на Општина Гостивар. Со увид во документацијата која ни беше доставена ревизијата го утврди следното:

- Со решение бр. 08-2339/1 од 21.02.2018 МОН на општина Гостивар и се одземени надлежностите за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и општински средни училишта на територијата на Општина Гостивар согласно член 171 од Законот за основното образование и член 108-б од Законот за средното образование. Надлежностите ги презема МОН во траење од девет месеци. МОН постапувајќи во рамките на своите надлежности

за вршење надзор над работата на органите на општината утврдени во член 170 од Законот за основно образование и член 108-а од Законот за средното образование, по Известување на Државниот просветен инспекторат за констатираните состојби, утврди дека Градоначалникот на Општина Гостивар ги врши своите надлежности за именување и разрешување на директори на општински основни училишта и директори на општински средни училишта на територијата на општина Гостивар спротивно на одредбите од членовите 132,133,134,135 и 136 од Законот за основното образование и спротивно на одредбите на членовите 93,93-б,93-в и 93-г од Законот за средното образование.

- Од страна на Градоначалникот на Општина Гостивар поднесено е Иницијатива[1] до Државен просветен инспекторат која се однесува на утврдување на постапката за именување на директори, конкретно дали јавните огласи се објавени според прописите предвидени со закон. Од извршените инспекциски надзори од страна на ДПИ се констатира дека во основните училишта огласите за избор на директор се објавени во два дневни весници што не е во согласност со член 126 став 1 од Законот за основно образование каде е предвидено дека училишниот одбор во основното училиште објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на РСМ.
- По добиеното Известување бр. 08-75/1 од 26.11.2018 од страна на ДПИ, градоначалникот на Општина Гостивар донел Решение за огласување за ништовни решенијата за избор на директори на ООУ, поради тоа што јавните огласи не се објавени согласно законските прописи.
- Со решение бр. 08-2133/1 од 18.02.2019 година на Министерството за образование и наука на Општина Гостивар по втор пат и се одземени надлежностите за именување и разрешување на директори во општинските основни училишта и општинските средни училишта на територијата на Општина Гостивар согласно член 171 од Законот за основното образование и член 108-б од Законот за средното образование. Надлежностите ги презема МОН во траење од девет месеци. Причина за одземање на надлежностите е утврдените неправилности од страна на ДПИ при разрешување на директорите, назначување на нови лица на тие позиции, како и се укажува дека Градоначалникот немал право да огласува Управен акт за ништовен, и се смета дека Градоначалникот на општина Гостивар не е ниту првостепен орган кој го донел решението, ниту второстепен орган, ниту е пак орган што со закон е овластен да врши надзор над работата на МОН.

Во периодот на ревизија се води судска постапка пред Управен Суд на РСМ каде Општина Гостивар го тужи МОН за поништување на Решението на МОН[2] со Барање за донесување на времена мерка за одлагање на извршувањето на оспореното решение.

[1] Иницијатива бр. 09-2278/1 од 12.11.2018
[2] Бр.08-2133/1 од 13.02.2019

**Општина Гостивар**
**Сметка на**
**приходи на буџет**
**на дотации (930)**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 600.266 | 562.559 |
| **Вкупно приходи** | | **600.266** | **562.559** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 516.396 | 508.675 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 78.912 | 44.066 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **595.308** | **552.741** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **595.308** | **552.741** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **4.958** | **9.818** |

**Општина Гостивар**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 4.958 | 9.818 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.958** | **9.818** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **4.958** | **9.818** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 4.958 | 9.818 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **4.958** | **9.818** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **4.958** | **9.818** |